# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## ПЕТТИ МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ЕКОНОМСКИ ИСТОРИЧАРИ ВО ЛЕНИНГРАД

Од 10 до 14 август 1970 година се одржа во Ленинград (СССР) V меѓународен конгрес на економски историчари.[1]) На овој конгрес присуствуваа околу 1.000 економски историчари од целиот свет. Работата на Конгресот се одвиваше во Таврическиот дворец, во пленарни седници и во осум секции.

Претседателот на конгресот, В. А. Виноградов (Институт на светската економика и меѓународните односи — Академија на науките — СССР), го отвори конгресот и го прочита рефератот во Првата пленарна седница на тема: **В. И. Ленин и економската наука.**

По пладнето на 10. VIII започна работата во секциите.

Рефератите и соопштенијата беа однапред напишани на еден од светските јазици: англискиот, францускиот, рускиот и германскиот и им беа ставени на располагање на присатните пред започнувањето на работата на секциите. Читањето на реферат или соопштение во секција можеше да трае најмногу 15 минути, а дискусиите најмногу 10 минути. Но како и обично и овој пат имаше помали и поголеми отстапувања, како во пречекорувањето на времето, така и при служењето со еден од светските јазици (некои референти во дискусиите се служеа со шпански јазик). Имаше мошне интересни предавања и дискусии. Дискусиите поминаа во научен дух и коректна атмосфера. И рефератите и дискусиите беа симултано преведувани на француски, англиски и руски јазик.

---

[1]) Економската историја како фундаментален предмет во марксистичкото приоѓање на историјата има огромно значење. Во СФРЈ има приличен број економски историчари. Меѓу нив поистакнати се: Д-р Никола Вучо, Д-р Даница Милиќ, Д-р Иван Ерцег, Д-р Игор Караман, Вилфан; од Македонија Д-р Данчо Зографски и др. На некои Филозофски факултети (Загребскиот) економската историја се предава како посебен предмет на историската група.

При Извршниот одбор на Сојузот на историчарите на Југославија постои Сојузна секција на економските историчари на СФРЈ. Нејзин претседател е Д-р Даница Милиќ, научен советник во Институтот за историја при САН — Белград. Секцијата предвидува во најскоро време да издава свое списание. Скоро при секое републичко историско друштво постои секција на економски историчари. Во СРМ таквата секција ја сочинуваат Д. Зографски, Ал. Апостолов, М. Соколоски и Л. Соколов.

Од СФРЈ на овој конгрес учествуваа 15 лица со котизација и уште 2 придружници. Поголем дел од учесниците настапија на овој конгрес со свои реферати или соопштенија. Во II секција, којашто имаше работен наслов: „Историја на планирањето", од нашите историчари настапи со свој реферат А. Бајт (С. Р. Словенија) на тема: „Планирање и вистинскиот пораст на производството во Југославија". Овој реферат беше забележан на Конгресот и беше високо оценет од присутните. Рефератот беше спомнат и преку емисиите на Радио Москва каде што се донесуваа чести информации за Конгресот. Во III секција со работен наслов: „Проблеми на работната сила", професорот на Економскиот факултет во Белград, д-р Никола Вучо, се претстави со реферат на тема: „Миграцијата на населението и порастот на бројот на работниците во Југославија меѓу двете светски војни". Во IV секција: „Пари и кредити", на III научен собир (седница) беше претседател Д-р Даница Милиќ, научен советник во Историскиот институт при САН — Белград. Свои реферати поднесоа уште Д-р Игор Караман, проф. од Загреб, Д-р Иван Ерцег, научен советник при ЈАЗУ — Загреб и други. Од СРМ со реферат во VI секција се претстави проф. на Економскиот факултет Д-р Данчо Зографски на тема: „Значењето на Македонија во трговските врски меѓу западна и источна Европа". Во V секција што носеше работен наслов: „Историска еволуција на формите на феудалната сопственост" и на која беше претседател З. В. Удаљцова, свое соопштение поднесе Д-р Александар Апостолов, в. професор на Филозофскиот факултет во Скопје на тема: „Ликвидирање на феудалните остатоци во аграрните односи во Македонија".

Интересно е да се одбележи дека имаше извонредно голем интерес од присутните во оваа секција за прашањето што им беше презентирано во ова кратко соопштение (на 7 страници на француски јазик). Ова дотолку повеќе што оваа секција беше „Азиска" и во неа учествуваа научници од Јапонија, Турција, азиските предели на СССР и др. Ова е и разбирливо, бидејќи во повеќето земји од овој континент во минатото, а во некои сѐ уште, преовладувале елементите на средновековниот феудализам од источен тип, каков што беше и во Македонија под турското господство.

На завршната пленарна седница некои претседатели на секции ги истакнаа оние реферати и соопштенија за кои владеел посебен интерес, а меѓу тие беа и двете од СРМ.

Културно забавната програма за учесниците на Конгресот беше мошне содржајна и разноврсна. Таа се одвиваше со извонредна точност, благодарејќи на одличната организација што ја изведоа беспрекорно домаќините ленинграѓани. Иако само од 17 луѓе, нашата делегација скоро секогаш имаше посебен автобус и постојано свој водич во лицето на Ирина, ленинграѓанка, која одлично го познава српскохрватскиот јазик и објектите кадешто нѐ водеше. Имавме задоволство да ги посетиме најважните историски паметници што ги има Ленинград. Меѓу останатите: Петровиот дворец, Петропавловската тврдина, Ермитаж, Исакиевскиот собор, гр. Пушкин (Царское Село), Пискаревските гробишта на неколкуте стотини ил-

јади ленинграѓани што ги изгубиле своите животи во времето на блокадата од фашистичките германски војски во II светска војна и др.

За учесниците на Конгресот беа прикажани од Игор Стравински „Петрушка“ и „Крунисување на пролетта“. На крајот беше даден прием за учесниците на Конгресот.

Имавме можност да ги запознаеме и граѓаните на Ленинград — нивната гостопримливост и љубезност спрема гостите, а особено спрема Југословените. Благодарејќи на блискоста на јазикот можевме насекаде да се разбереме и да бидеме услужени од услужните домаќини.

Ваков Конгрес, со ваква сплотена мала југословенска група долго се памети.

**А. А.**

## XIII МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС НА ИСТОРИСКИТЕ НАУКИ МОСКВА ОД 16 ДО 23 АВГУСТ 1970 ГОДИНА

Во август месец 1970 година во Москва се одржа XIII Меѓународни конгрес на историските науки. На Конгресот присаствуваа 4.000 историчари од повеќе земји, од Европа, Азија, Африка, Северна и Јужна Америка. На Конгресот учествуваа 1.400 советски историчари. Според списокот на пријавените делегати од Југославија присаствуваа 118 историчари и тоа 9 од Босна и Херцеговина, 8 од Црна Гора, 6 од Хрватска, 65 од Македонија, 9 од Словенија и 21 од Србија.

Конгресот беше свечено отворен на 16 август во Кремелскиот дворец на депутатите од страна на претседателот на Меѓународниот конгрес на историски науки господин Паул Харсин. Од името на Советската влада Конгресот го поздрави потпретседателот на Советската влада академикот Кирилин кој потоа го прочита поздравното писмо упатено до Конгресот од страна на Советскиот претседател Косигин. Советскиот академик Е. М. Жуков поднесе реферат на тема: „Ленин и историјата“.

Конгресот работеше во повеќе секции во новата зграда на Универзитетот „М. В. Ломоносов“. Над 80 реферати и соопштенија беа умножени и поделени на учесниците на Конгресот.

Организациониот комитет обезбедил соодветна техника за симултано следење на работата на Конгресот на водечките светски јазици.

Југословенските историчари имаа добиено два реферата за обработка. Меѓутоа беше поднесен само еден реферат од професор Д-р Данчо Зографски, на тема „Големите сили и Балканот од 1900 до 1914 година“. Рефератот на професорот Данчо Зографски во основа е позитивно оценет од страна на учесниците во дискусијата како научен прилог во осветлувањето на односите на Балканот за дадениот период.

Југословенските историчари беа ангажирани во неколку секции (еден претседател, тројца потпретседатели, двајца експерти и 20 учесници во дискусијата).

На овој Конгрес македонските историчари преку Институтот за национална историја подготвија три